| 35 | Драгорска | водовод | 160 | 1.400.000,00 | канализација | | ? | коловоз | 800.000,00 | 2.200.000,00 |
| 36 | Широка | водовод | | 4.000.000,00 | канализација | | 7.000.000,00 | коловоз | 9.000.000,00 | 20.000.000,00 |
| 37 | кај Шварцот | водовод | | | канализација | | 384.777,00 | коловоз | / | 384.777,00 |
| 38 | 2-ри Август | водовод | 155м | 2.550.000,00 | канализација | | 700.000,00 | коловоз | 1.800.000,00 | 5.050.000,00 |
| 39 | 16-та | водовод | 410 | | канализација | | 3.000.000,00 | коловоз | 5.000.000,00 | 8.000.000,00 |
| 40 | Пристапни патеки во Карпош | водовод | | | канализација | | | коловоз | 900.000,00 | 900.000,00 |
| 41 | Стерјо Ѓоргиев Џоџа | водовод | 155м | 200.000,00 | канализација | | | коловоз | 4.000.000,00 | 4.200.000,00 |
| 42 | Романија | водовод | 220м | 2.750.000,00 | канализација | 245м | 2.349.085,00 | коловоз | 3.231.913,00 | 8.330.998,00 |
| 43 | Васко Каранѓелевски (влез во Веро) | водовод | / | / | канализација | / | / | коловоз | 1.200.000,00 | 1.200.000,00 |
| 44 | Ари Ангеловски | водовод | 175 | 1.253.971,00 | канализација | | / | коловоз | 2.000.000,00 | 3.253.971,00 |
| 45 | Вардарска | водовод | | / | канализација | | / | коловоз | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 |
| 46 | Владимир Бакариќ - на патот за Брусник) | водовод | | 1.800.000,00 | канализација | | 3.000.000,00 | коловоз | 7.200.000,00 | 12.000.000,00 |
| 47 | Цане Бујуковски | водовод | / | / | канализација | | ? | коловоз | 1.100.000,00 | 1.100.000,00 |
| 48 | Кукуш-патека | водовод | / | / | канализација | / | / | коловоз | 2.100.000,00 | 2.100.000,00 |
| 49 | Народни Херои | водовод | / | / | канализација | | | коловоз | 800.000,00 | 800.000,00 |
| 50 | Стрчин | водовод | / | / | канализација | | | коловоз | 4.000.000,00 | 4.000.000,00 |
| 51 | Студентска | водовод | / | / | ат. канализа. | 130 | 776.204,00 | коловоз | 2.507.668,00 | 3.283.872,00 |
| 52 | Партизанска од В. Карангелевски до Б.Социјалистичка | водовод | / | / | канализација | / | / | коловоз | 9.034.974,00 | 9.034.974,00 |
| 53 | Довлеџик од Бонанса до Б.Социјалистичка | водовод | / | / | канализација | / | / | коловоз | 2.500.000,00 | 2.500.000,00 |
| 54 | Довлеџик кај храмот Архангел | водовод | ??????? | | канализација | | ? | коловоз | 3.500.000,00 | 3.500.000,00 |
| 55 | Неготинска | водовод | 200 | 2.000.000,00 | канализација | / | / | коловоз | 1.900.000,00 | 3.900.000,00 |
| 56 | Булевар 1-ви Мај од Столарска до железниот мост | водовод | | 2.000.000,00 | | | | коловоз | 3.224.745,00 | 5.224.745,00 |
| 57 | Браќа Џаферови | | | | | | | коловоз | 830.260,00 | 830.260,00 |
| 58 | Македонска | | | | | | | коловоз | 1.500.000,00 | 1.500.000,00 |
| 59 | Мукос | | | | | | | коловоз | 7.000.000,00 | 7.000.000,00 |
| 60 | Панде Кајзерот | | | | | | | коловоз | 7.250.000,00 | 7.250.000,00 |
| 61 | 101-ва | | | | | | | коловоз | 400.000,00 | 400.000,00 |
| 62 | Солунска од К.Охридски до Мирка Гинова | | | | | | | коловоз | 14.606.070,00 | 14.606.070,00 |
| 63 | од 13 јули до 21-ва | | | | | | | коловоз | 1.370.879,00 | 1.370.879,00 |
| 64 | Борис Бастерот | водовод | | 2.040.272,00 | | | | | | 2.040.272,00 |
| 65 | Борис Кидриќ | | | | решетка кај х.Битола | | 170.000,00 | | | 170.000,00 |
| 66 | Браќа Џаферови | | | | | | | коловоз | 830.260,00 | 830.260,00 |
| 67 | Булевар 1-ви Мај сточен пазар | водовод | | 1.996.461,00 | канализација | | 800.000,00 | коловоз | 1.500.000,00 | 4.296.461,00 |
| 68 | Битолатекс до Фрижидери | | | | канализација | | 7.000.000,00 | коловоз | 5.040.000,00 | 12.040.000,00 |
| 69 | Бегова чешма | водовод | | 423.000,00 | | | | | | 423.000,00 |
| 70 | Брегалничка | | | 1.200.000,00 | | | | | | 1.200.000,00 |
| 71 | Београдска | водовод | | 2.825.636,00 | | | | | | 2.825.636,00 |
| 72 | Борис Стрезов | водовод | | 1.500.000,00 | | | | | | 1.500.000,00 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 73 | 2-ра | водовод | | 1.324.453,00 | | | | | | 1.324.453,00 |
| 74 | Гаврило Принцип | водовод | | 1.575.000,00 | | | | | | 1.575.000,00 |
| 75 | Ѓорги Ѓоргиев | | | | канализација | | 1.245.895,00 | | | 1.245.895,00 |
| 76 | Димитар Влахов | | | | | | | коловоз | 9.000.000,00 | 9.000.000,00 |
| 77 | Димитар Тодоровски | | | | | | | коловоз | 992.002,00 | 992.002,00 |
| 78 | 12-та | водовод | | 1.300.000,00 | канализација | | 1.350.000,00 | | | 2.650.000,00 |
| 79 | Ѓорче Петров бр.60-63 чикмак | | | | канализација | | 217.604,00 | | | 217.604,00 |
| 80 | Ѓорги Наумов | водовод | | 132.347,00 | канализација | | 27.066.578,00 | | 2.029.214,00 | 29.228.139,00 |
| 81 | Илинденска | водовод | | 3.900.000,00 | | | | коловоз | 12.641.866,00 | 16.541.866,00 |
| 82 | Индустриска од Прогрес до Жито Битола | | | | канализација | | 1.200.000,00 | коловоз | 5.760.000,00 | 6.960.000,00 |
| 83 | Иво Џаковски | водовод | | 1.500.000,00 | | | | коловоз | 1.000.000,00 | 2.500.000,00 |
| 84 | ЈНА | водовод | | 1.963.392,00 | | | | | | 1.963.392,00 |
| 85 | Јосиф Јосифовски | водовод | | 200.000,00 | | | | | | 200.000,00 |
| 86 | Јорго Костовски | водовод | | 185.000,00 | канализација | | 169.000,00 | | | 354.000,00 |
| 87 | Јоргов Камен | водовод | | 830.000,00 | | | | | | 830.000,00 |
| 88 | Климент Охридски (од Партизанска до Солунска) | | | | канализација | | 5.346.897,00 | | | 5.346.897,00 |
| 89 | Кичево | водовод | | 1.900.000,00 | | | | | | 1.900.000,00 |
| 90 | Козјак | водовод | | 1.457.097,00 | канализација | | 1.967.352,00 | | | 3.424.449,00 |
| 91 | Кленовец | | | | | | | коловоз | 437.166,00 | 437.166,00 |
| 92 | Коста Абрашевиќ | водовод | | 2.960.000,00 | | | | | | 2.960.000,00 |
| 93 | Кирил Пејчиновиќ | водовод | | 558.000,00 | | | | | | 558.000,00 |
| 94 | Комплекс Мало Стопанство Довлеџик | | | | канализација | | 4.456.956,00 | | | 4.456.956,00 |
| 95 | Лазо Трповски | водовод | | 860.000,00 | | | | | | 860.000,00 |
| 96 | Лавчански пат | | | | канализација | | 987.563,00 | | | 987.563,00 |
| 97 | Лилјана Чаловска | водовод | | 975.347,00 | канализација | | 1.063.578,00 | коловоз | 2.462.085,00 | 4.501.010,00 |
| 98 | Мариовска | водовод | | 516.769,50 | | | | коловоз | | 516.769,50 |
| 99 | Маркс и Енгелс | водовод | | 1.625.000,00 | | | | коловоз | 1.950.000,00 | 3.575.000,00 |
| 100 | Мирче Ацев ( од СОК до Илинденска) | | | | канализација | | 323.496,00 | коловоз | 2.336.636,00 | 2.660.132,00 |
| 101 | Младински Бригади | | | | | | | коловоз | 500.000,00 | 500.000,00 |
| 102 | Наум Наумовски Борче (од Прилепска до И.Милутиновиќ | водовод | | 910.000,00 | | | | | | 910.000,00 |
| 103 | Овчи пазар | | | | | | | коловоз | 1.200.000,00 | 1.200.000,00 |
| 104 | Охридска | водовод | | 400.000,00 | | | | | | 400.000,00 |
| 105 | Пере Тошев | водовод | | 980.000,00 | | | | | | 980.000,00 |
| 106 | Пробиштип | водовод | | 995.000,00 | | | | | | 995.000,00 |
| 107 | Паца Ванчова | водовод | | 1.780.000,00 | | | | | | 1.780.000,00 |
| 108 | Риечка | | | | | | | коловоз | 2.780.000,00 | 2.780.000,00 |
| 109 | Стив Наумов (од Климент Охридски до Пецо Божиновски) | водовод | | 12.060.000,00 | | | | коловоз | 26.798.347,00 | 38.858.347,00 |
| 110 | Стрмашево | водовод | | 1.135.000,00 | | | | | | 1.135.000,00 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 111 | Сутјеска | | | | | | | потпорен ѕид | | 0,00 |
| 112 | Скоевска | водовод | | 310.000,00 | | | | | | 310.000,00 |
| 113 | 3-та | водовод | | 1.262.006,00 | | | | | | 1.262.006,00 |
| 114 | Титовелешка | водовод | | 800.000,00 | | | | | | 800.000,00 |
| 115 | Титово Ужице | водовод | | 1.066.411,50 | | | | | | 1.066.411,50 |
| 116 | 13-та | водовод | | | | | | коловоз | 63.134 | 63.134,00 |
| 117 | Штипска од Гоце Делчев до Димо Хаџи Димов | водовод | | 660.000,00 | | | | | | 660.000,00 |
| 118 | Еколошки едукативен центар | водовод | | | канализација | | | | | |
| 119 | Борка Талев од Мирче Ацев до Димитар Влахов | водовод | | | | | 91.187.135,00 | коловоз | | |
| | | **ВУПНО:** | | **104.188.576,00** | | | **91.187.135,00** | | **255.042.009,00** | **450.417.720,00** |

## ПРИЛОГ 2

## АКТИВНОСТИ ЗА
## УРЕДУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРА ВО РУРАЛНИ НАСЕЛБИ ВО ОПШТИНА БИТОЛА
## за 2014 год.

| ПРИО-РИТЕТ | Ред. Бр. | СЕЛО | опис | водовод м' | водовод сума (ден) | опис | канали-зација м' | канализа-ција сума (ден) | опис | коло-воз м2 | коловоз сума(ден) | ВКУПНА СУМА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | Д. Оризари | | | | | | | коловоз | | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 |
| | 2 | Доленци | | | | | | | коловоз | | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 |
| | 3 | Крклино | | | | | | | коловоз | | 2.000.000,00 | 2.000.000,00 |
| | 4 | Дихово | | | | | | | коловоз | | 800.000,00 | 800.000,00 |
| | 5 | Драгарино | | | | | | | коловоз 300м | | 800.000,00 | 800.000,00 |
| | 6 | Драгожани | | | | | | | коловоз | | 900.000,00 | 900.000,00 |
| | 7 | Драгож | водовод каптажа | | 300.000,00 | | | | | | | 300.000,00 |
| | 8 | Жабјани | | | | | | | коловоз | | 900.000,00 | 900.000,00 |
| | 9 | Кременица | | | | | | | коловоз | | 600.000,00 | 600.000,00 |
| | 10 | Лисолај | водовод | | 500.000,00 | | | | | | | 500.000,00 |
| | 11 | Меџитлија | | | | | | | пат до школото 250м' | | 500.000,00 | 500.000,00 |
| | 12 | Ниже поле | | | | | | | потпорен ѕид | | 500.000,00 | 500.000,00 |
| | 13 | Оптичари | | | | | | | | | 600.000,00 | 600.000,00 |
| | 14 | Острец | | | | | | | коловоз | | 700.000,00 | 700.000,00 |
| | 15 | Поешево | | | | | | | спортско игралиште | | 800.000,00 | 800.000,00 |
| | 16 | локален пат за с. Рамна во близина на крстосница за с. Српци | | | | | | | потпорен ѕид | | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 |
| | 17 | Облаково | | | | | | | санација на коло-вози со тампон | | | |
| | 18 | Маловиш-та | | | | | | | санација на коло-вози со тампон | | | |
| | | **ВКУПНО:** | | | **800.000,00** | | | | | | **13.100.000,00** | **13.900.000,00** |

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за одржување на комунални објекти и инсталации, локални патишта и улици во Општината Битола за 2014 година

1. Ја објавувам Програмата за одржување на комунални објекти и инсталации, локални патишта и улици во Општината Битола за 2014 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.12.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1764/13
24.12.2013 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/05), а во врска со член 84 став 1 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ“ бр.17/2011 и 53/2011), Советот на Општина Битола, на својата седница, одржана на ден 20.12.2013 година донесе

## П Р О Г Р А М А
## за одржување на комунални објекти и инсталации, локални патишта и улици во Општина Битола за 2014 год.

Со оваа програма се уредуваат изворите на средствата и наменското трошење на истите согласно законските прописи кои ја регулираат оваа материја.

Програмата претставува континуитет на работите од предходните програми и обврски што треба да бидат завршени во 2014 год.

## ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА на програмата за одржување на комунални објекти и инсталации, локални патишта и улици во Општина Битола за 2014година

### ПЛАНИРАНА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ОД БУЏЕТОТ НА АГЕНЦИЈА НА ПАТИШТА НА РМ

| Ред. број | Расходи | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Одржување на улици во зимски период | 10.927.946,40 |
| | **ВКУПНО:** | **10.927.946,40** |

## ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА На програмата за одржување на комунални објекти и инсталации, локални патишта и улици во Општина Битола за 2014 година

| Ред. број | Шифра | Извор на приходи | Износ |
|---|---|---|---|
| 1. | 717(112,115, 116,129,131) | Надоместоци од комунална дејност | 10.841.000,00 |
| 2. | | Трансфери од буџетот на Агенцијата за државни патишта на РМ | 10.927.946,00 |
| | | **ВКУПНО:** | **21.768.946,00** |

## ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА На програмата за одржување на комунални објекти и инсталации, локални патишта и улици во Општина Битола за 2014 година

| Ред. број | Шифра | Планирани работи за изведување | Износ |
|---|---|---|---|
| 1. | | **Реконструкција на улици** | |
| | 741113 | Одржување на улици во зимски период (трансфер од Агенција за државни патишта) | **10.927.946,00** |
| | | **ВКУПНО:** | **10.927.946,40** |
| 2. | | **Регулирање на режим на сообраќај** | |
| | 434320 | Одржување на хоризонтална сигнализација (зебра + подолжна линија) | **4.000.000,00** |
| | 424320 | Одржување на вертикална сигнализација (знаци и патоказни табли) | **3.000.000,00** |
| | 424440 | Одржување и поправка на постоечка светлосна сигнализација-семафори | **691.000,00** |
| | 480190 | Купување на друга опрема | **3.000.000,00** |
| | 482940 | Надзор над изведбата | **150.000,00** |
| | | **ВКУПНО:** | **10.841.000,00** |
| | | **ВКУПНО:** | **21.768.946,00** |

Средствата во висина од 10.927.946,00 денари кои се определени од Агенцијата за државни патишта на РМ се распределуваат на начин како што претходно потенциравме.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведување на оваа програма се грижи Градоначалникот, Комисијата за јавни комунални дејности и уредување на градежното земјиште при Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комуналните дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола. Одделението за комунални дејности и уредуввање на градежното земјиште врши координација во реализација на програмата.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува до крајот на годината, односно до донесување на Програмата за 2015 година и ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-45/15 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.12.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К за објавување на Програмата за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општината Битола за 2014 година

1. Ја објавувам Програмата за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општината Битола за 2014 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.12.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1764/14 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.12.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/05), а во врска со член 15 од Законот за комунални такси („Службен весник на РМ“ бр.61/2004), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 20.12.2013 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2014 год.

Со Програмата за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2014 година се врши распределба на средствата што на Општина Битола и припаѓаат согласно Законот за комунални такси за користење и одржување на јавното осветлување во сервисните и станбените улици.

Средствата од точка 1 на оваа Програма ќе се користат за тековна потрошувачка на електрична енергија и за одржување на инсталациите за осветлување во сервисните и станбените улици на подрачјето на Општината и тоа:

### ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА на Програмата за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2014 година

| Ред. број | Шифра | Извор на приходи | Износ |
|---|---|---|---|
| 1. | 717116 | Надоместок од комунална дејност за улично осветлување | 64.681.824,00 |
| | | **ВКУПНО:** | **64.681.824,00** |

### ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА на Програмата за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2014 година

| Ред. број | Шифра | Планирани работи за изведување | Износ |
|---|---|---|---|
| 1. | 421110 | Електрична енергија | 44.000.000,00 |
| 2. | 424440 | Поправки и одржување на опрема | 10.521.824,00 |
| 3. | 424390 | Одржување на улично осветление на други градби | 300.000,00 |
| 4. | 426990 | Други оперативни расходи (Потврди за подземни инсталации) | 60.000,00 |
| 5. | 482820 | Изградба на капацитети во енергетиката | 7.300.000,00 |
| 6. | 482940 | Надзор над изградбата | 500.000,00 |
| 7. | 424440 | Новогодишно украсување | 2.000.000,00 |
| | | **ВКУПНО:** | **64.681.824,00** |

Средствата планирани за трошоци за потрошената електрична енергија ќе ги реализира ЕВН „Електро-Битола“ - Битола по утврдени микро реони за вклучување и исклучување на уличното осветлување.

Средствата планирани за трошоци за редовно одржување на инсталациите ќе ги реализираат регистрирани организации избрани по пат на јавен повик.

Надзор во редовното одржување на инсталациите и проверка на доставените извештаи и фактури за наплата на извршените работи ќе врши Одделението за комунални

дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола.

За спроведување на оваа Програма по однос на Динамиката и наменското користење на средствата ќе се грижи Одделението за комунални дејности и уредување на градежното земјиште на Општина Битола и Комисијата за јавни и комунални дејности.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањетоа а ќе се применува до крајот на годината, односно до донесување на Програмата за 2015 година и ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Битола "

Бр.07-45/16 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.12.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за работа на Комисијата за еднакви можности 2014 при Советот на Општината Битола

1. Ја објавувам Програмата за работа на Комисијата за еднакви можности 2014 при Советот на Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.12.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола".

Бр. 08-1764/15 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.12.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола" бр.10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 20.12.2013 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за работата на Комисијата за еднакви можности 2014 при Советот на Општината Битола

Комисијата за ЕМ и недискриминација во 2014 согласно Акциониот план за еднакви можности и недискриминација 2014/15 ќе работи во следните области со следните активности:

**ЖЕНИТЕ И ОДЛУЧУВАЊЕТО**

- Изработка на анализа/проценка за постигнатите ефекти од спроведувањето на АП 2012/2013
- Изработка на анализа на родово буџетските ставки од буџетот на 2012/13
- Изработка на анализа на буџетот на општината за 2014 од родова перспектива

**ЖЕНИТЕ И ВРАБОТУВАЊЕТО (ЕКОНОМСКО ЈАКНЕЊЕ НА ЖЕНИТЕ)**

- Организирање на обуки за јакнење на самодоверба на невработени жени за отпочнување на свој бизнис
- Мониторинг за развој на претприемништво и мали бизниси кај жените во руралните средини
- Давање на мали грантови за отпочнување на мали бизниси на жени потенцијални жртви на семејно насилство.

**ЖЕНИТЕ И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**

- Организирање на трибини за собирање на податоци за потреби на трудовите инвалиди, самци и стари луге корисници на социјална помош
- Организирање на посета и подршка за стари лица корисници на социјална помош, трудови инвалиди и самци на територија на општина Битола

**ЖЕНИТЕ И ОБРАЗОВАНИЕТО**

- Да се мониторира и направи извештај за спроведување на одлуката на советот на општината за реализирање на часови на

тема на родова еднаквост во средните училишта
- Покренување на иницијатива за реализирање на часови на тема на родова еднаквост во средните училишта на ниво на државата

**ЖЕНИТЕ И НАСИЛСТВО**

- Организирање на едукативни работилници за општата популација со цел информирање за сите форми на насилството
- Организирање на јавната кампања за информирање за сите форми на насилството и механизми за нивната превенција

**ЖЕНИТЕ И ЗДРАВЈЕТО**

- Спроведување на здравствена едукација со цел рано откривање на карцином на матка и карцином на простата
- Спроведување едукација во основните и средните училишта за намалување на сексуално преносливите болести

**ЖЕНИТЕ И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА**

- Обука на жени од ранливите групи (самохрани мајки, невработени, со телесна попреченост) околу законот против дискриминација
- Обука за членовите на Советот на Општина Битола за законот против дискриминација

**ЛОКАЛНА КОМИСИЈА ЗА БОРБА ПРОТИВ ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ**

- Зајакнување на улогата на ЛК промоција преу Изработка и печатење на промотивен материјал, флаери, маички
- Утврдување на ризици и ризични групи за појава на ТЛ и ИМ во ОБ (Истражување и анализа за идентификување на ризици и ризични групи за ТЛ и ИМ со фокус на деца и поставување приоритети)
- Зајакнување на капацитети на воспитно-образовниот кадар и стручните служби: во основните и средните училишта и ЈУ за социјална заштита и ЗГ за превенција од ТЛ преку организирање на обуки.
- Обезбедување заштита на жртви и илегални мигранти во согласност со
- меѓународните стандарди
- Интегрирање на ЖТЛ во социјална средина
- Обука за членовите на Совет за превенција од трговија со луѓе .

**Вкупен буџет за реализација на оваа Програма е 500.000,00 ден учество на Општина Битола.**

Оваа Програма ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“

Бр.07-45/17 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.12.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за усвојување Локален акционен план за еднакви можности и недискриминација**

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Локален акционен план за еднакви можности и недискриминација 2014/2015, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.12.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1764/16 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.12.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на

Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.12.2013 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Локален акционен план за еднакви можности и недискриминација 2014/2015

1. СЕ УСВОЈУВА Локалниот акционен план за еднакви можности и недискриминација 2014/2015.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-45/18 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.12.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Заклучокот за усвојување Информација со ХИВ/СИДА во Република Македонија во период 1987-2013 г. со осврт на состојбата на подрачјето на Општината Битола

1. Го објавувам Заклучокот за усвојување Информација со ХИВ/СИДА во Република Македонија во период 1987-2013 г. со осврт на состојбата на подрачјето на Општината Битола, донесен на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.12.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1764/17 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.12.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.12.2013 година, донесе

## З А К Л У Ч О К
## за усвојување Информација со ХИВ/СИДА во Република Македонија во период 1987-2013 г. со осврт на состојбата на подрачјето на Општината Битола

1. СЕ УСВОЈУВА Информација со ХИВ/СИДА во Република Македонија во период 1987-2013 г. со осврт на состојбата на подрачјето на Општината Битола.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-45/19 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.12.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за пристапување на Општина Битола како сосновач на Здружение „Локална Акциона Група Пелагонија”

1. Ја објавувам Одлуката за пристапување на Општина Битола како сосновач на Здружение „Локална Акциона Група Пелагонија”, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.12.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1764/18 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.12.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 15 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/2002) и член 15 став 1 од Закон за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ бр. 52/2010), а во врска со член 70 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 20.12.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## за пристапување на Општина Битола како сосновач на Здружение „Локална Акциона Група Пелагонија”

**Член 1**

Со оваа Одлука Општина Битола пристапува како сосновач на Здружение „Локална Акциона Група Пелагонија” со седиште во Општина Новаци.

**Член 2**

Со донесување на оваа Одлука Општина Битола станува член на Здружение “Локална Акциона Група Пелагонија”. За таа цел Општина Битола ќе делегира и разрешува член кој ќе учествува во работата на управниот орган на здружението.

**Член 3**

Со донесување на оваа Одлука Општина Битола ги остварува следните права и обврски:

- Да учествува во работата на органите и телата на здружението.
- Да покренува дискусии и прашања од делокруг на работа на Собранието на здружението за остварување на целите и задачите на здружението.
- Да се придржува кон одредбите на Статутот на здружението.
- Да учествува во барање начини за обезбедување на материјално-финансиска состојба на здружението.
- Да привлекува други членови.
- Да се залага на осварување на програмските цели и задачи на здружението.
- Да учествува во спроведувањето на сите ставови и заклучоци донесени од органите и телата на здружението.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-45/20 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.12.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за прифаќање во сопственост на недвижни ствари на Општината Битола без надоместок

1. Ја објавувам Одлуката за прифаќање во сопственост на недвижни ствари на Општината Битола без надоместок, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.12.2013 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1764/19 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.12.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 22 и 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), а во врска со член 1 од Одлуката за пренесување во сопственост на недвижна ствар на Општина Битола („Службен весник на РМ“ бр. 167/2013), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.12.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## за прифаќање во сопственост на недвижни ствари на Општината Битола без надоместок

**Член 1**

Со оваа Одлука Општината Битола ги прифаќа во сопственост недвижните ствари – згради и земјиште под згради, сопственост на Република Македонија, лоцирани на КП бр. 11483, заведена во ИЛ бр. 16866, за КО Битола, без надоместок, и тоа:

- зграда 1, влез 1, кат 1, со површина од 56 м2,
- зграда 1, влез 1, кат 1, со површина од 183 м2,
- зграда 1, влез 1, кат 2, со површина од 183 м2,
- зграда 1, влез 1, приземје, со површина од 194 м2,
- зграда 2, влез 1, приземје, со површина од 24 м2,
- зграда 3, влез 1, приземје, со површина од 58 м2 и
- земјиште под згради со површина од 378 м2.

**Член 2**

За примопредавањето на недвижните ствари ќе се состави записник.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.07-45/21 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.12.2013 г. на Советот на Општината Битола
Битола д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за определување на имиња на улици во Општината Битола

1. Ја објавувам Одлуката за измена и дополнување на Одлуката за определување на имиња на улици во Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.12.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1764/20 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.12.2013 год. на Општината Битола,
Битола д-р Владимир Талески

Врз основа на член 4 и 8 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти („Сл. весник на РМ“ бр.66/04, 55/07, 145/10 и 136/11), а во согласност со Правилникот за содржината, постапката за водење на електронска евиденција на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, броеви за нумерирање на објектите и за содржината, постапката и начинот на водење на електронскиот регистар („Сл. весник на РМ“ бр.152/07), член 3 од Одлуката за утврдување услови и критериуми за определување листа на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти во Општина Битола („Сл.гласник на Општината Битола“ бр. 19/09) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл.гласник на Општината Битола“ бр. 10/05) и утврдената Листа за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општината Битола, Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.12.2013 год. донесе

## ОДЛУКА
## за измена и дополнување на Одлуката за определување на имиња на улици во Општината Битола

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на одлуката за опрделување имиња на улици во Општината Битола („Сл. гласник на Општина Битола“бр.15/13) и тоа:

Во Член 1 од одлуката 2. дел од ДУП за комплексот на сервиси и мало стопанство ЗАПАД - постоечка улица која што започнува од Бензинската пумпа Макпетрол кај Довлеџик и продолжува на Север се до раскрсницата патот за с.Дихово – с.Ниже Поле – с.Трново, во табелата 2. место името Серес се заменува со Кресненско Востание.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Битола“.

Бр.07-45/22 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.12.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општината Битола

1. Ја објавувам Програмата за изработка на урбанистички планови во Општината Битола, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.12.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1764/21 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.12.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 22 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 17 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11 и 144/12) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Сл. гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.12.2013 год. донесе

## П Р О Г Р А М А
## за изработка на урбанистички планови во Општината Битола во 2014

## ВОВЕД

Годишната програма за изработување на урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола за 2014 год. претставува основа и рамка за пристапување кон изработка и спроведување на постапка за донесување на урбанистичките планови, согласно со член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13 и 163/13).

Предмет на Годишната програма во зависност од просторот кој е предмет на планирањето се плановите од член 7 точка 2, од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13 и 163/13) односно: Генерален урбанистички план, Детален урбанистички план, Урбанистички план за село, Урбанистички план вон населено место, Урбанистички план за четврт, Државна урбанистичка планска документација, Локална урбанистичка планска документација и плановите од член 13а од Законот за просторно и урбанистичко планирање (урбанистички план за една градежна парцела) и член 50-б (урбанистичко планска документација за туристичка развојна зона и автокамп).

## I. ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Цел на програмата е да се овозможи ефикасно спроведување на политиката на планирање и уредување на просторот и по согледувањето на степенот на реализација на плановите, да се предвиди изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Битола.

## II. ПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ

Изработка на урбанистички планови

**1. ИЗРАБОТКА НА ГУП ЗА ГРАД БИТОЛА – Документациона основа (приближно 2500 ха),**

**2. ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО ДОЛНО ОРИЗАРИ приближно 170 ха)**

**3. ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ согласно чл. 12 и чл.78 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13 и 163/13).**

**4. ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ согласно чл. 30 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (Сл.Весник на РМ 23/11 и 54/11)**

**5. ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ согласно Чл. 13-а од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ Бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11и 144/12, 55/13 и 163/13)**

**6. ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА за Туристичко развојни зони и Автокампови, согласно член 50-б, од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ Бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11и 144/12, 55/13 и 163/13)**

**7. ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ согласно чл. 17 и 24-а, од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ Бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11и 144/12, 55/13 и 163/13)**

## ЗАВРШУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ

## 8.1. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВО ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ

8.1.1 ДУП за Цен.Гр.Подр. 1.дел - урбана четврт„1„ - Битола (16.80 ха)

8.1.2 ДУП за Цен.Гр.Подр. 1 дел - урбан блок „2„ - Битола, ( 1.85 ха)

8.1.3 ДУП за Цент.Гр.Подр. 2 дел - Урб. блок „5 и 6„ - Битола (2.80 ха)

8.1.4 ДУП за Цен.Гр.Подр. 4 дел - блок „7„ - Битола, (1.9 ха)

8.1.5 ДУП за Цен.Гр.Подр. 5 дел - Блок „1„ - Битола (4.80 ха)

8.1.6 ДУП за Урб. единица бр. 5 - Урб. модул „2„ - Битола (1.90 ха)

8.1.7 ДУП за Урб. единица бр. 5 - Блок 5 - Битола (3.15 ха)

8.1.8 ДУП за Урб. единица бр. 5 - Блок 6 - Битола (5.5 ха)

8.1.9 ДУП за Урб. Единица бр. 8 - Урб. модул „2„ - Битола (2.50 ха)

8.1.10 ДУП за Урб.Ед. бр. 8 – Блок 6 - Битола (3.40 ха)

8.1.11 ДУП за БЛР 1 дел – Урбан блок 2 - Битола (3.20 ха)

8.1.12 ДУП за БЛР 2 дел - урбан модул „2„ - Битола (1.50 ха)

8.1.13 ДУП за Стрчин - Урб. блок „1„ - Битола (4.67 ха)

8.1.14 ДУП за Стрчин - Урб. блок „2„ - Битола (2.40 ха)

8.1.15 ДУП за Стрчин - Урб. блок „3„ - Битола (1.80 ха)

8.1.16 ДУП за Стрчин - Урб. блок „4„ - Битола (9.53 ха)

8.1.17 ДУП за Стрчин - Блок „5„ - Битола (3,00 ха)

8.1.18 ДУП за Стрчин - Блок „6„ - Битола (3,00 ха)

8.1.19 ДУП за МЗ Даме Груев - урбан модул „2„ - Битола (1.20 ха)

8.1.20 ДУП за Блок 3 - Битола (3.20 ха)

8.1.21 ДУП за Блок 4 - Битола (0.75 ха)

8..22 ДУП за Блок 21 - Битола (1.02 ха)

8.1.23 ДУП за Г. Оризари - Урб. блок „3„ - Битола (2.80 ха)

8.1.24 ДУП за Градска работна зона јужно од патот Битола с.Новаци (26.23 ха)

8.1.25 ДУП за Карпош 2 - Битола (12.0 ха)

8.1.26 ДУП за Индустриска зона „Блок Битолатекс„ - Битола (16.0 ха),

8.1.27 ДУП за Јени Маале 2 дел Блок „1„ - Битола (6,15 ха)

8.1.28 ДУП за Центр. Градско подр. 4 дел Блок 1, - Битола (2,20 ха)

8.1.29 ДУП за БЛР 1 дел - блок 5 - Битола (3.00 ха)

8.1.30 ДУП за Урб. единица. „Баир 1„ - Битола (29.00 ха)
8.1.31 ДУП за Урб. единица. „Баир 2„ - Битола (28.00 ха)
8.1.32 ДУП за Урб. единица. „Баир 3„ - Битола (25.00 ха)
8.1.33 ДУП за ЦГП 3 дел Блок 7 - Битола (2.7 ха)
8.1.34 ДУП за СЗ Девеани Блок 1„ - Битола (3.3 ха)
8.1.35 ДУП за СЗ Девеани Блок 2„ - Битола (2.0 ха)
8.1.36 ДУП за Буковски мост Блок 1„ - Битола (0,7 ха)
8.1.37 ДУП за Источна индустриска зона Жито Битола и Транскоп - Битола (16,00 ха),
8.1.38 ДУП за МЗ Г. Оризари 2 дел Блок 1„ - Битола (34.0 ха)
8.1.39 ДУП за Четврт „Монопол„ Блок 1 и 2 Битола (16.55 ха)
8.1.40 ДУП за дел од градска работна зона Грегов Бунар Блок - Битола 1, (6,0 ха)
8.1.41 ДУП за Центр. Градско подр. 4 дел Блок 4, - Битола (3,0 ха)
8.1.42 ДУП за Центр. Градско подр. 4 дел Блок 12, - Битола (3,5 ха)
8.1.43 ДУП за Станбена заедница Даме Груев Блок 15, - Битола ( 2,0 ха)
8.1.44 ДУП за Нови градски гробишта Блок 1 - Битола (4,0 ха)
8.1.45 Дел од ДУП за Блок А- Довлеџик кај базените- Битола ( 2,5 ха)
8.1.46 ДУП за станбена заедница Девеани, Блок 1 - Битола ( 3,3 ха)
8.1.47 ДУП за СЗ бр.1, Блок 2 - Битола (2,5 ха)
8.1.48 ДУП за Комплекс на сервиси и мало стопанство Запад 1 дел, Блок 1 - Битола (8,7 ха)

8.1.49 УП за Нови градски гробишта ,Блок 2 - Битола ( 4,0 ха)
8.1.50 УП за Месна заедница Горно Оризари Блок 1 - Битола (3,5 ха)
8.1.51ДУП за станбена заедница Бр.1, модул 1, Блок1- Битола ( 2,0 ха)
8.1.52УП за станбена заедница Даме Груев Блок 16 - Битола ( 2,0 ха)
8.1.53ДУП за ЦГП 3 дел Блок 1 и 2 - Битола (2,4 ха)
8.1.54ДУП за ЦГП 3 дел Блок 7 - Битола (2,25 ха)
8.1.55ДУП за дел од работна зона локалитет Фрижидери - Битола (15,0 ха)
8.1.56ДУП ЗА 4 дел блок 9 (3.00 ха)
8.1.57ДУП за ССЗ Триаголник Блок 2 (1.6 ха)
8.1.58ДУП за ЦГП 5 дел Блок 5 (2.0 ха)

## 8.2. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО (УПВНМ)

8.2.1 УПВНМ за „Стоп. Комплекс пат Б-ла-Бистрица„ (1.65 ха)
8.2.2 УПВНМ за стопански комплекс м.в. Воденица, КО Крстоар-Општина Битола (0,22 ха)
8.2.3 УПВНМ Споменичен комплекс со придружни објекти на дел од КП 15 КО Лажец покрај магистралниот пат М5 Битола-Меџитлија општина Битола (9,0 ха)
8.2.4 УПВНМ Стопански комплекс м.в. „Калдрма„ (2.0 ха)
8.2.5 УПВНМ Силоси за жито м.в. Братиндолска река, КО Братиндол (1.35 ха)
8.2.6 УПВНМ Крстосница Дихово (4,3 ха)
8.2.7 УПВНМ Терени за голф, Братиндол, Магарево и Ротино (140 ха)
8.2.8 УПВНМ повекенаменска зона за производство и сервисни дејности на КП 1347/1 КО Крклино, Општина Битола

## 8.3. ЛОКАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ (ЛУПД)

8.3.1 ЛУПД за дел од КП 883/76 м.в. „Село„ Г. Оризари – КО Горно Оризари Битола
8.3.2 ЛУПД за изградба на објекти со намена Г3 и Г4 на КП 247/2м.в. „Ограде„ КО Крстоар Општина Битола,
8.3.3 ЛУПД за стопански комплекс класа на намени Г4, на КП бр. 471/1 м.в.Ореј, КО Дихово, Општина Битола.
8.3.4 ЛУПД за изградба на џамија на КП Бр. 2297 КО Лажец, Општина Битола,
8.3.5 ЛУПД за изградба на базна станица за мобилна телефонија на КП Бр. 825/1 м.в. ПРЕСЛАП КО Раштани, Општина Битола,

8.3.6 ЛУПД за изградба на базна станица за мобилна телефонија на КП Бр. 731 м.в. Вац Лозје, КО Братин Дол, Општина Битола.
8.3.7 ЛУПД за изградба на базна станица за мобилна телефонија на КП Бр. 912 м.в. Чесма, КО Крстоар - Општина Битола
8.3.8 ЛУПД за изградба на базна станица за дигитално полициско радио – Древеник на КП 1270/2, КО Древеник – Општина Битола
8.3.9 ЛУПД за изградба на базна станица за дигитално полициско радио – Древеник на КП 1/3, КО Ѓавато – Општина Битола,

## III. ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКАТА НА ПЛАНОВИТЕ ПРЕДВИДЕНИ СО ПРОГРАМАТА

Финансирањето на урбанистичките планови од оваа Програма, согласно со чл. 17 став (3) и (7) од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ Бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13 и 163/13), се врши од средства на:

- Буџетот на општината;
- средства на заинтересирани правни и физички лица чиишто програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за Општината,
- За изработување на урбанистички планови со кои се реализираат проекти од значење за Републиката и општините, Владата на Р. Македонија донесува Програма за приоритетна изработка на урбанистички планови. Финансирањето на урбанистичките планови од оваа Програма, согласно со чл. 16 став (4 ) од Законот за просторно и урбанистичко планирање-пречистен текст (Сл. весник на РМ Бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13 и 163/13), е финансирана од Буџетот на РМ или од буџетите на општините.

## IV. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

За реализација на Програмата се поднесува Извештај за нејзиното спроведување, по завршување на планскиот период.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Во текот на годината, зависно од потребите програмата може да се менува и дополнува.

Реализацијата на програмата ќе биде со динамика согласно со приливот на средства, наведени во предходниот дел.

Изработување на урбанистичките планови вршат правни лица кои поседуваат лиценца за изработување на урбанистички планови, согласно со чл. 18 став (1) од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ Бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13 и 163/13)

Заради економски развој на општина Битола, врз основа на чл. 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање - (Сл. весник на РМ Бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13 и 163/13) одредени планови може да се донесат во скратена постапка пропишана во чл. 24а ставови 2, 3, 4 од наведениот Закон.

За реализација на оваа програма е задолжена Комисијата за урбанизам и заштита на животната средина во соработка со Партиципативното тело и Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина на Општина Битола.

Примерок од Програмата ќе се достави до Министерството за транспорт и врски - Сектор за уредување на просторот, Министерство за заштина на животна средина и просторно планирање, и Управа за заштита на културното наследство на Р.М.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола.

Бр.07-45/23 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.12.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Програмата за управување со отпад на подрачјето на Општината Битола за 2014 година

1. Ја објавувам Програмата за управување со отпад на подрачјето на Општината Битола за 2014 година, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.12.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1764/22
24.12.2013 год.
Б и т о л а

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општината Битола,
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/02), член 19 од Законот за управување со отпад („Сл. Весник на РМ“ бр. 9/2011) и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), Советот на Општина Битола на седницата одржана на 20.12.2013 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## за управување со отпад на подрачјето на Општината Битола за 2014 година

### ВОВЕД

**Програмата за управување со отпад** претставува плански документ произлезен од Законот за управување со отпад (член 19 Сл. весник на РМ бр. 9/11). Истата претставува основа за реализација на активностите предвидени во **Планот и програмата за управување со отпад на општина Битола**, донесен од страна на Совет на општина Битола, а одобрен од страна на министерството за животна средина и просторно планирање.

Програмата за управување со отпад е изработена согласно законските барања на Законот за управување со отпад, а при изработката на истата користени се препораките на НЕАП-2, Стратегијата за управување со отпад на Република Македонија 2008-2020, Националниот план за управување со отпад на Република Македонија 2009-2015 и Планот и програмата за управување со отпад на општина Битола.

Со **Програмата за управување со отпад** се утврдуваат мерките и активностите што треба да се превземат од страна на субјектите кои управуваат со отпадот во тековната година за подобрување на општата состојба во управувањето со отпадот и заштитата на животната средина.

Програмата подразбира организиран систем на постапување со отпадот односно, собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот и другите видови на неопасен отпад, процесите на селектирање, третман и складирање на отпадот, надзорот над овие операции како и мерките за заштита на животна средина, животот и здравјето на луѓето, со цел правилно управување со комуналниот и другите видови на неопасен отпад на територијата на општина Битола.

### 1. Процена на видот и на количеството на отпад што се создава во општина Битола на годишно ниво

Собирањето и транспортирањето на комуналниот и другите видови на неопасен отпад на територијата на општина Битола се врши од вкупно 16 реони, со 18 специјални возила за собирање и транспортирање на отпадот. Од 13 реони се врши собирање на комунален отпад од домаќинства, од 1 реон се врши комбинирано собирање на комунален отпад од домаќинства и индустриски неопасен отпад, од 1 реон се врши исклучиво собирање на индустриски неопасен отпад, а од 1 реон се врши селективно собирање на отпадна хартија и отпадна пластика (PET).

Врз основа на анализите направени од страна на ЈП Комуналец Битола во 2013 година на територијата на општина Битола од вкупно 23500 физички лица и 2470 правни

лица, корисници на комуналната услуга, се очекува да бидат собрани околу 29650 тони отпад годишно.

Од вкупните количини на собран отпад, 26200 тони/год. е комунален отпад собран од физички лица, додека 3450 тони/год. е индустриски неопасен отпад.

Од селективниот процес на собирање на отпадна хартија до октомври 2013 година собрани се 205,5 тони отпадна хартија, додека количините на собрана пластика се минорни со оглед на проблемот со дивите нелегални собирачи на PET пластиката. До крајот на годината се очекува да бидат собрани околу 265 тони отпадна хартија.

За собирање на комуналниот и другите видови на неопасен отпад на територијата на општина Битола поставени се специјализирани садови за собирање на истиот и тоа: 1450 контејнери од 1,1м$^3$, 22 контејнери од 5м$^3$, пластични канти од 120-240 литри и импровизирани садови.

За селективно собирање на отпадот на територјата на општина Битола поставени се 20 пластични контејнери од 1,1 м$^3$ и 77 мрежасти контејнери во плава боја за собирање на отпадна хартија и 20 пластични контејнери од 1,1м$^3$ и 68 мрежасти контејнери во жолта боја за собирање на отпадна пластика (PET).

### 2. Мерки и активности за избегнување и за намалување на количеството на создаден отпад

Почитувајќи ги законските регулативи на Република Македонија за управување со отпадот, посебно Законот за управување со отпад и Законот за заштита на животната средина, **Програмата за управување со отпадот** ги предвидува следните мерки за намалување на количеството на отпад:

- Избегнување на создавање на големи количини на отпад на местото на изворот на отпадот;
Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), член 22 став 1 точка 36 и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), а во врска со член 15 од Правилникот за условите на стопанисување и начинот на продажба и давање на користење недвижни ствари во сопственост на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 14/07),Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.12.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## за давање на користење недвижен имот во сопственост на Општината Битола без надоместок

### Член 1

Со оваа одлука на Општинскиот фудбалски сојуз од Битола му се дава на користење канцеларија бр. 9 од 14,55 м2 во поранешен Извршен совет, без надоместок.

### Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола да склучи договор со кој што ќе се регулира начинот на користењето на просторијата во сопственост на Општината Битола.

### Член 4

Општинскиот фудбалски сојуз Битола се обврзува да обезбеди нормални услови за функционирање на просторијата.

### Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-45/39 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.12.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Одлуката за давање на користење недвижен имот во сопственост на Општината Битола без надоместок

1. Ја објавувам Одлуката за давање на користење недвижен имот во сопственост на Општината Битола без надоместок, донесена на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.12.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1764/38 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.12.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02), член 22 став 1 точка 36 и член 70 од Статутот на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 10/05), а во врска со член 15 од Правилникот за условите на стопанисување и начинот на продажба и давање на користење недвижни ствари во сопственост на Општина Битола („Сл. гласник на Општина Битола“ бр. 14/07), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.12.2013 година, донесе

## О Д Л У К А
## за давање на користење недвижен имот во сопственост на Општината Битола без надоместок

### Член 1

Со оваа одлука на Здружението на родители на деца со аутизам „Марко Поло - експлорер“, од Битола му се дава на користење две простории од 18 м2 и 25 м2 = 43 м2, во МЗ „Панде Кајзеро“ Битола, без надоместок.

### Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола да склучи договор со кој што

ќе се регулира начинот на користењето на просториите во сопственост на Општината Битола.

**Член 4**

Здружението на родители на деца со аутизам „Марко Поло - експлорер“, од Битола се обврзува да обезбеди нормални услови за функционирање на просториите.

**Член 5**

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-45/40 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.12.2013 г. на Советот на Општината Битола
Битола д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Решението за разрешување и именување три претставници од Општината Битола во Управниот одбор и разрешување и именување член во Советот на родители на Јавната Општинска Установа Детска Градинка „Естреја Овадија-Мара“ Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување три претставници од Општината Битола во Управниот одбор и разрешување и именување член во Советот на родители на Јавната Општинска Установа Детска Градинка „Естреја Овадија-Мара“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.12.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1764/39 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.12.2013 год. на Општината Битола,
Битола д-р Владимир Талески

Врз основа на член 114 точка 13 и 17 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ бр. 23/2013) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.12.2013 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за разрешување и именување три претставници од Општината Битола во Управниот одбор и разрешување и именување член во Советот на родители на Јавната Општинска Установа Детска Градинка „Естреја Овадија-Мара“ Битола

1. Од Управниот одбор на Јавната општинска установа Детска градинка „Естреја Овадија-Мара“ Битола се разрешуваат: Иван Тошевски, Снежана Најдовска и Станко Сипковски, а на нивно место се именуваат:
   - Иван Тошевски, дипл. менаџер,
   - Снежана Најдовска, ВШС, педагошка и
   - Слободан Ристевски, дипл. информатичар.

2. На досегашниот член Марија Димитровска и престанува мандатот на член во Советот на родители на ЈОУ ДГ „Естреја Овадија-Мара“ Битола.

За нов член во Советот на родители се именува Љупка Каранфиловска.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-45/41 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.12.2013 г. на Советот на Општината Битола
Битола д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на СОТУ „Ѓорги Наумов“ Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на СОТУ „Ѓорги Наумов“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.12.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1764/40 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.12.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 39 од Законот за измени и дополнување на Законот за средно образование („Службен весник на РМ“ бр. 67/04) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.12.2013 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на СОТУ „Ѓорги Наумов“ Битола

1. Од Училишниот одбор на СОТУ „Ѓорги Наумов“ Битола се разрешуваат: Љупчо Стојковски, Николче Тасевски и Марина Јовчевска, а се именуваат: Марина Јовчевска, дипл. професор по филозофија, Николче Тасевски, дипл.ел.инж. и Љупчо Стојковски, ССС.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-45/42 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.12.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## З А К Л У Ч О К
## за објавување на Решението за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на СОУ „Таки Даскало“ Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на СОУ „Таки Даскало“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.12.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1764/41 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.12.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 39 од Законот за измени и дополнување на Законот за средно образование („Службен весник на РМ“ бр. 67/04) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.12.2013 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на СОУ „Таки Даскало“ Битола

1. Од Училишниот одбор на СОУ „Таки Даскало“ Битола се разрешуваат: Јолевски Иван, Пецо Ѓоргиевски и Кире Петровски, а се именуваат: Горица Фердиненди – педагошки факултет, Весна Беровска – педагошки факултет и Жанета Ангелевска – дипл. сообраќаен инжинер.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-45/43 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.12.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на СОЗУ „Кузман Шапкарев“ Битола**

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на СОЗУ „Кузман Шапкарев“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.12.2013 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1764/42 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.12.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 39 од Законот за измени и дополнување на Законот за средно образование („Службен весник на РМ“ бр. 67/04) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.12.2013 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на СОЗУ „Кузман Шапкарев“ Битола**

1. Од Училишниот одбор на СОЗУ „Кузман Шапкарев“ Битола се разрешуваат: Кире Митревски, Лазаревска Оливера и Јован Пејчиновски, а се именуваат: Ванчо Мицевски – педагошки факултет, Оливер Пишмановски – машински инжинер, Сашо Бојовски – биотехничар.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-45/44 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.12.2013 г. на Советот на Општината Битола
Б и т о л а д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решението за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОУ „Даме Груев“ Битола**

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОУ „Даме Груев“ Битола, донесено на седницата на Советот на Општината Битола одржана на 20.12.2013 година.
2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1764/43 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.12.2013 год. на Општината Битола,
Б и т о л а д-р Владимир Талески

Врз основа на член 124 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ бр. 103/08) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.12.2013 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОУ „Даме Груев“ Битола**

1. Од Училишниот одбор на ОУ „Даме Груев“ Битола се разрешуваат: Никола Талевски и Мирјана Андреевска, а на нивно место се именуваат:
- Бети Наковска – економски факултет
- Сузана Николовска – педагошки факултет.

2. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.07-45/45 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.12.2013 г. на Советот на Општината Битола
Битола д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр. 10/05), донесувам

## ЗАКЛУЧОК
## за објавување на Решението за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на СОУГ „Јосип Броз Тито“ Битола

1. Го објавувам Решението за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на СОУГ „Јосип Броз Тито“ Битола, донесено на седницата, на Советот на Општината Битола одржана на 20.12.2013 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр. 08-1764/44 ГРАДОНАЧАЛНИК
24.12.2013 год. на Општината Битола,
Битола д-р Владимир Талески

Врз основа на член 39 од Законот за измени и дополнување на Законот за средно образование („Службен весник на РМ“ бр. 67/04) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 10/05), Советот на Општината Битола на седницата одржана на 20.12.2013 година, донесе

## РЕШЕНИЕ
## за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на СОУГ „Јосип Броз Тито“ Битола

1. Од Училишниот одбор на СОУГ „Јосип Броз Тито“ Битола се разрешуваат: Горан Фидановски, Маринчо Петровски и Вида Стојановска, а се именуваат:
- Љубе Никлевски – д-р економски науки
- Љупчо Чурановски – осигурување
- Златко Лозановски – биотехнички факултет.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Битола”.

Бр.07-45/46 ПРЕТСЕДАТЕЛ
20.12.2013 г. на Советот на Општината Битола
Битола д-р Силвана Ангелевска

Врз основа на член 50 став 1 точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија", бр. 5/02), и член 54 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на Општината Битола „ бр. 10/05) Градоначалникот на Општината Битола, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за изменување и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола**

**Член 1**

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 08-1001/1 од 17.05.2010 г., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 08-636/1 од 15.03.2011 г., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 08-893/1 од 01.04.2011 г., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола , број 08-2070/1 од 02.09.2011 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-159/1 од 25.01.2012 година , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-03/1 од 05.03.2012 година , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-04/1 од 28.05.2012 година , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-06/1 од 25.07.2012 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-07/1 од 06.12.2012 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-03/1 од 18.02.2013 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-05/1 од 20.08.2013 година ( „Службен гласник на Општината Битола" бр.7/10 , бр. 5/11 , 6/11 , 12 /11 ,02/12, 03/12 ,06/12 , 10/12, 15/12, 4/13, 13/13) и тоа во член 5

Сектор за правно нормативни административни и општи работи , Одделение за административни и општи работи

работно место под реден број „17. Портир„ во делот број на извршители бројот „1„ се за менува со бројот „4„.

**Член 2**

Во член 5 , Сектор општински инспекторат, работното место под реден број „88. Раководител на сектор – Општински инспекторат - Главен инспектор„ во

делот на посебните услови зборовите „ВСС природни науки или правни науки „ се заменуваат со зборовите „ правни или економски науки„ .

**Член 3**

Во член 5, 6. Сектор за внатрешна ревизија, 6. А. Одделение за ревизија на системите за внатрешна контрола и ревизија на усогласеност (регуларност), после работното место „108. Внатрешен ревизор„ се додава ново работно место „108а Внатрешен ревизор на обука„ кое гласи:

**„108а. Назив на работното место**: **<u>Внатрешен ревизор на обука</u>**

**Звање**: помлад соработник

**Одговара пред**: раководителот на одделението

**Цел на работното место:** Спроведување на поедноставни работии задачи како поодршка на одредени функции од делокругот на одделението за следењето на усогласеноста со дефинираните контролни постапки за оствaрувањето на поставените и објавени цели на органот.

**Главни работни должности:**

- врши поедноставните работи работи и задачи со упатство и надзор на раководителот на оделението во реализација на стратешкиот приоритет поврзан со внатрешната ревизија.
- учествува во изготвување на стручно аналитички материјали и извештаи во обласра на внатрешната ревизија.
- следи ,проучува и обработува одредени прашања сврзани со внатрешната ревизија.
- учествува во изготвување на анализи за внатрешната ревизија.
- помага во изготвување на информации, извештаи и други материали од областа на внатрешната ревизија
- се обучува на работно место и преку обуки организирани од Министерството за финансии или други релевантни институции за внатрешна ревизија во земјата и странство;
- помага при извршувањето на задачите на единицата за внатрешна ревизија.

**Посебни услови:**
- со стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен; правни или економски науки
- без работно искуство
- работа со компјутер;
- способност за тимска работа;
- иницијативност, креативност, доверливост;

<u>Број на извршители: 2„</u>

**Член 4**

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на правилникот се вршат измени и дополнувања и во табеларниот преглед на работните места како составен дел на правилникот и тоа:

**1.Б. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИ И ОПШТИ РАБОТИ**

| Р.бр. | Назив на работното место | Звање | Бр. на Извршители | Вид и степен на образование | Работно Искуство |
|---|---|---|---|---|---|
| 17* | Портир | | 4 | ССС | |

## 5. СЕКТОР - ОПШТИНСКИ ИНСПЕКТОРАТ

| Р.бр. | Назив на работното место | Звање | Бр. На Извршители | Вид и степен На образование | Работно Искуство |
|---|---|---|---|---|---|
| 88 | Раководител на сектор општински инспекторат Главен инспектор | Раководител на сектор | 1 | Стекнати 300 кредити Според ЕКТС или Завршен VII/1 степен правни или економски науки работа со компјутер Раководни организациски способности Способност за тимска работа Способност за решавање на конфликти | Најмалку 5 години во струката од кој 2 години во државна служба |

**6. А. Одделение за ревизија на системите за внатрешна контрола и ревизија на усогласеност (регуларност)**

| Реден Број | Назив на работно место | Звање | Број на Изврши Тели | Вид и степен на образова ние | Работно Искуство |
|---|---|---|---|---|---|
| 108а | Внатрешен ревизор на обука | Помлад соработник | 2 | Најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен правни или економски науки Работа со компјутер,спосбност затимска работа, иницијативност, креативност, доверливост | Без работно Искуство |

**Член 5**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општината Битола,, а ќе се применува по добивањето на писмена согласност од Агенцијата за администрација.

**Бр.01-06/1**
28.11.2013.
Битола

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
на Општината Битола
д-р Владимир Талески

Врз основа на член 50 став 1 точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија", бр. 5/02), и член 54 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на Општината Битола „ бр. 10/05) Градоначалникот на Општината Битола, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола**

**Член 1**

Со овој правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 08-1001/1 од 17.05.2010 г., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 08-636/1 од 15.03.2011 г., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола бр. 08-893/1 од 01.04.2011 г., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола , број 08-2070/1 од 02.09.2011 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-159/1 од 25.01.2012 година , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-03/1 од 05.03.2012 година , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-04/1 од 28.05.2012 година , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-06/1 од 25.07.2012 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-07/1 од 06.12.2012 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-03/1 од 18.02.2013 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Општината Битола број 01-05/1 од 20.08.2013 година ( „Службен гласник на Општината Битола" бр.7/10 , бр. 5/11 , 6/11 , 12 /11 ,02/12, 03/12 ,06/12 , 10/12, 15/12, 4/13, 13/13) и тоа во член 5

Сектор за економски развој , јавни дејности и информатичка технологија , Одделение за економски развој работно место под реден број „79. Подготвување на проектна документација за добивање на одобрение за градба„ во делот на посебните услови зборовите „овластување „Б„ за надзор , овластување „Б„ за проектна ревизија „ се бришат.

**Член 2**

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на правилникот се вршат измени и дополнувања и во табеларниот преглед на работните места како составен дел на правилникот и тоа:

**4 А. . ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**

| Р.бр. | Назив на работното место | Звање | Бр. На извршители | Вид и степен На образование | Работно Искуство |
|---|---|---|---|---|---|
| 79 | Подготвување на проектна документација за добивање на одобрение за градба | Советник | 1 | Стекнати најмалку 240 кредити Според ЕКТС или Завршен VII/1 степен Архитектонски или градежен факултет работа со компјутери Способност за тимска работа | Најмалку 3 години во струката |

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола„ а ќе се применува по добивањето на писмена согласност од Агенцијата за администрација.

**Бр.01-07/1**
03.12.2013.
Битола

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
на Општината Битола
д-р Владимир Талески

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија„ бр. 5/02) Градоначалникот на Општината Битола донесе

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО НА ДИСЦИПЛИНСКАТА ПОСТАПКА ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА КОИ НЕ СЕ СО СТАТУС НА ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ**

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Се пропишува начинот на водењето на дисциплинската постапка за вработени кои не се државни службеници.

**Член 2**

На работникот може да му се откаже договорот за вработување или изрече парична казна за повреда на службената должност само во постапка утврдена со Законот за работни односи , Колективен договор и одредбите од овој Правилник.

## II. Комисија за водење на дисциплинска постапка

**Член 3**

За утврдување на повредите на службената должност, како и за утврдување на одговорноста и откажување на договорот за вработување или изрекување парична казна за тие повреди,- од страна на Градоначалникот на општината се формира Комисија за водење на дисциплинска постапка (во натамошниот текст: Комисијата), за секоја постапка одделно.

Комисијата има записничар, кој го определува претседателот на Комисијата, од редот на вработените каде што се води дисциплинската постапка, без право на глас.

**Член 4**

Комисијата работи во полн состав, а одлуката ја донесува со мнозинство гласови.

## III. Начин на водење на дисциплинска постапка

**Член 5**

Покренување и водење на дисциплинска постапка
Дисциплинската постапка против работникот се покренува по предлог на непосредниот раководител.
По исклучок, доколку работникот нема непосредно претпоставен раководител или доколку непосредно претпоставениот раководител е отсутен подолго време, поради болест како и друга оправдана причина, предлогот за поведување дисциплинска постапка го поднесува непосредно повисокиот раководител.

**Член 6**

Предлогот за покренување на дисциплинска постапка содржи:
- име и презиме на работникот

- опис на повредата на службената должност и на околностите под кои таа е сторена, како и времето и местото на извршување на повредата;
- правен основ за покренување;
- докази за постоење на повредата;
- датум и потпис.

**Член 7**

Предлогот за покренување на дисциплинска постапка се доставува до Градоначалникот или од него овластено лице вработено во општинската администрација.

Градоначалникот донесува решение за формирање на Комисија, најдоцна петнаесет дена од денот на поднесување на предлогот за покренување на дисциплинска постапка. Решението заедно со предлогот за покренување на дисциплинската постапка, го доставува до претседателот и членовите на Комисијата.

Комисијата го доставува на одговор, предлогот за покренување на дисциплинската постапка до работникот и до синдикалната организација,чиј член е работникот, најдоцна за пет дена.

Работникот и синдикалната организација, го доставуваат одговорот на предлогот за покренување на дисциплинската постапка до Комисијата, најдоцна за седум дена.

**Член 8**

Работникот може да биде застапуван во дисциплинската постапка, од лице кое тој ќе го овласти да го застапува.

**Член 9**

Претседателот на Комисијата, закажува расправа на која ги повикува: работникот кој ја сторил повредата и неговиот застапник доколку го има, подносителот на предлогот за покренување на дисциплинската постапка, сведоците, претставникот на синдикатот, а по потреба и други лица.

**Член 10**

Поканата за расправа се доставува најдоцна пет дена пред почетокот на расправата, до сите повикани учесници.

Поканата за расправа содржи:
- име и презиме на лицето кое се повикува;
- времето и место на одржување на расправата;
- причината за повикување; и
- својство во кое се повикува лицето во постапката.

Поканата за расправа се доставува лично на работникот, по правило во работните простории на Општината, односно на адреса на живеалиштето, односно престојувалиштето од кое работникот секојдневно доаѓа на работа.

**Член 11**

Пред почетокот на расправата, претседателот на Комисијата утврдува дали се присутни сите повикани лица и го проверува нивниот идентитет.

Расправата може да се одржи во отсуство на работникот и неговиот застапник доколку уредно биле повикани, а отсуствуваат од неоправдани причини.

**Тек на главната расправа**

**Член 12**

Кога се исполнети условите за одржување на расправата, претседателот на Комисијата, го објавува предметот на постапката и ја отвара расправата.

Претседателот на Комисијата им дава збор на:
- подносителот на предлогот за покренување на дисциплинската постапка,
- работникот или неговиот застапник,
- сведоците, вештите лица и другите учесници во постапката.

Претседателот на Комисијата и членовите на Комисијата може да поставуваат прашања и да бараат објаснувања.

Претседателот на Комисијата ги објавува заклучоците на Комисијата за одржувањето или одложувањето на расправата и се грижи за правилно водењето на записникот од расправата.

**Докази и изведување на докази**

**Член 13**

По изјаснувањето на работникот, Комисијата пристапува кон изведување на предложените докази.

Доказите се изведуваат со читање писмени извештаи, информации, изјави и други исправи или со сослушување на сведоците, а кога е тоа потребно се одредува и вештачење. На расправата можат да се изнесат и дополнителни докази.

При изведувањето на доказите Комисијата се води од начелото на слободна оценка на доказите.

Кога сведокот или вештите лица ќе бидат испрашани од претседателот и од членовите на Комисијата, прашања може да поставуваат и подносителот на предлогот, работникот или неговиот застапник.

**Член 14**

Во текот на постапката пред Комисијата, се бара и мислењето на основната синдикална организација на мнозинскиот синдикат на органот, доколку работникот е негов член.

**Завршни зборови**

**Член 15**

По изведување на сите предложени докази и утврдување на фактите, претседателот на Комисијата ги повикува, редоследно, подносителот на предлогот за покренување на дисциплинската постапка, работникот против кој се води дисциплинската постапка и неговиот застапник доколку го има, да се обратат на Комисијата со завршни зборови, со кои се резимираат правните и фактичките аспекти на предметот, а потоа објавува дека расправата е завршена.

Расправата, по правило завршува во истиот ден кога е и започната.

По завршување на расправата, Комисијата пристапува кон советување и гласање по што на Градоначалникот , му предлага откажување на договорот, изрекување парична казна, односно да го отфрли предлогот, односно да ја запре постапката.

**Прекин на постапката**

**Член 16**

(1) Постапката се прекинува, кога:
- некој од учесниците во расправата се наоѓа на подрачје кое поради поплави, други непогоди и слично е отсечено од местото на одржување на расправата;
- работникот против кого е поведена дисциплинска постапка се разболел непосредно пред или додека трае дисциплинската постапка, што се докажува со боледување од матичен лекар;
- Комисијата ќе одлучи да решава за некое претходно прашање или ќе побара од надлежен орган да и достави веродостојни исправи и информации, за чие изготвување е потребно подолго време.

За прекинот и продолжувањето на постапката Комисијата донесува посебен заклучок против кој не е дозволена жалба.

**Член 17**

Кога има прекин на постапката престануваат да течат сите рокови определени за вршење на дејствијата во дисциплинската постапка.

За време на траењето на прекинот на постапката, Комисијата не може да превзема никакви дејствија во постапката, освен ако прекинот настанал по заклучувањето на главната расправа, во кој случај Комисијата може, врз основа на таа расправа, да достави предлог до Градоначалникот.

Дејствијата што ги презеле учесниците во постапката додека трае прекинот на постапката немаат никакво правно дејство. Нивното дејство почнува откако постапката ќе продолжи.

**Член 18**

Постапката што е прекината од причините продолжува кога ќе престанат причините за прекинот.

Роковите што поради прекинот на постапката престанале да течат, почнуваат да течат одново од денот кога Комисијата ќе донесе решение за продолжување на постапката.

**Записник за текот за расправата**

**Член 19**

За дејствијата преземени на расправата, записничарот води записник.

Записникот содржи податоци за: составот на Комисијата, записничарот, местото и времето на одржувањето на расправата, подносителот на предлогот за покренување дисциплинска постапка, работникот и неговиот застапник, доколку го има, правен основ за повредата на службената должност, битната содржина на исказите на државниот службеник, сведоците и вештите лица доколку се повикани и доказите кои се изведени.

Записникот го потпишуваат: претседателот, члеговите на Комисијата и записничарот, подносителот на предлогот за покренување дисциплинска постапка и работникот против кој е поведена дисциплинската постапка, односно неговиот застапник.

Ако подносителот на предлогот за покренување дисциплинска постапка или работникот , односно неговиот застапник одбијат да го потпишат записникот, се внесуваат причините за одбивањето.

Примерок од записникот му се предава на подносителот на предлогот за поведување на дисциплинската постапка и на работникот, односно неговиот застапник.

**Одлучување на Комисијата**

**Член 20**

Ако Комисијата констатира дека не се исполнети условите за изрекување на мерка, односно работникот не направил повреда на службената должност, му доставува на Градоначалникот образложен предлог да го отфрли предлогот за покренување на постапката, односно да ја запре постапката.

**Член 21**

Ако Комисијата констатира дека работникот направил повреда на службената должност и дека е одговорен за направената повреда, на Градоначалникот му предлага откажување на договорот за вработување или парична казна .

Предлогот содржи:

- вовед, во кој се наведува: составот на Комисијата , подносителот и бројот на предлогот и правен основ за покренување на дисциплинската постапка;
- изрека, во која се наведува предлогот (откажување на догвороот или парична казна), краткиот опис на повредата за која работникот е одговорен и правен основ за негово предлагање;
- образложение, во кое се наведува кои факти и кои докази се утврдени, оценката на изведените докази и околности кои се земени во предвид при давање на предлогот и

- деловоден број и потпис на претседателот и членовите на Комисијата.

**Член 22**

За советувањето и гласањето на Комисијата се составува посебен записник.

Записникот за советувањето и гласањето содржи податоци за: составот на Комисијата, записничарот, местото и времето на одржувањето на советувањето, текот на гласањето и предлогот на мерката, изречена од комисијата.

Издвоените мислења, доколку ги има, се приклучуваат кон записникот за советувањето и гласањето, ако не се внесени во самиот записник.

Записникот за советување и гласање го потпишуваат сите членови на Комисијата и записничарот.

Записникот за советувањето и гласањето се затвара во посебна обвивка.

Записникот за советување и гласање може да го разгледа само органот кој би одлучувал во понатамошна постапка по жалба односно пред надлежен суд и во тој случај записникот повторно се затвора во посебна обвивка и на обвивката се назначува дека записникот е разгледан.

**Донесување на Решение за откажување на договөрот за вработување односно парична казна**

**Член 23**

Решението за откажување на договорот за вработувања односно парична казна содржи:
- вовед, во кој се наведува кој и кога го донел решението, по повод чија одговорност и во врска со чиј предлог;
- изрека во која се внесува видот на изречената мерка и краткиот опис на повредата за која работникот е одговорен;
- образложение, во кое се наведува кои факти и врз основа на кои докази се утврдени, каква е оценката на изведените докази и кои околности се земени во предвид при изрекувањето на мерката и
- правна поука за заштита на правата.

**Член 24**

Во дисциплинската постапка спрема работникот не може да се изречат истовреено откажување на договорот за работа и парична казна.

Ако во извршените дејствија на работникот има битија од повеќе повреди, се цени тежината на сите дејствија заедно и се изрекува или откажување на договорот за вработување или парична казна.

**IV. Преодни и завршни одредби**

**Член 25**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во („Службен гласник на Општина Битола,,)

Градоначалник
на Општина Битола
д-р Владимир Талески

**Бр.04-233/1**
16.12.2013.
Битола

# И С П Р А В К А

По извршеното проверување на изворниот текст, утврдено е дека во Одлуката за утврдување потреба од донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените од важечка урбанистичко-планска документација и вклопување на бесправните објекти во идна урбанистичко-планска документација („Службен гласник на Општината Битола“ бр. 14/2013) на стр. 394 во член 1 алинеа 3 направена е техничка грешка и каде што стои КП бр. 3324/4 КО Трново и Магарево (зграда 1 и 2) намена А-домување, треба да стои: КП бр. 332/4 КО Трново и Магарево (зграда бр. 1 и 2) намена А – домување.

Бр. 07-35/18-1
11.12.2013 год.
Б и т о л а

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општината Битола
д-р Силвана Ангелевска

# С О Д Р Ж И Н А

З А К Л У Ч О К за усвојување Планот за работа на ЈП „Комуналец“ Битола за 2014 година ........ 493

З А К Л У Ч О К за усвојување Финансовата програма за одржување јавната чистота на јавните површини на подрачјето на Општината Битола во 2014 година ........ 494

З А К Л У Ч О К за усвојување Финансовата програма за одржување на јавните зелени површини на подрачјето на Општината Битола во 2014 година ........ 494

З А К Л У Ч О К| за усвојување Планот за работа на ЈП „Нискорадба“ Битола за 2014 година ........ 495

З А К Л У Ч О К за усвојување Планот за работа на ЈП „Пазари“ Битола за 2014 година. 495

З А К Л У Ч О К за усвојување Планот за работа на ЈКП „Водовод“ Битола за 2014 година ........ 496

З А К Л У Ч О К за усвојување Планот за работа на ЈП „Жабени“ Битола за 2014 година 496

З А К Л У Ч О К за усвојување Програмата за работа на ОЈУ „Зоолошка градина“ Битола за 2014 година ........ 496

З А К Л У Ч О К за усвојување Програмата за работа на ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер“ Битола за 2014 година ........ 497

З А К Л У Ч О К за усвојување Програмата на Општината Битола за финансирање на културата во 2014 год. ........ 497

З А К Л У Ч О К за усвојување Програмата за активностите во обласга на спортот на подрачјето на Општината Битола за 2014 година ........ 498

П Р О Г Р А М А за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Битола за 2014 год. ........ 499

П Р О Г Р А М А за одржување на комунални објекти и инсталации, локални патишта и улици во Општина Битола за 2014 год. ........ 518

П Р О Г Р А М А за користење и одржување на јавното осветлување на подрачјето на Општина Битола за 2014 год. ........ 520

П Р О Г Р А М А за работата на Комисијата за еднакви можности 2014 при Советот на Општината Битола ........ 521

З А К Л У Ч О К за усвојување Локален акционен план за еднакви можности и недискриминација 2014/2015 ........ 523

З А К Л У Ч О К за усвојување Информација со ХИВ/СИДА во Република Македонија во период 1987-2013 г. со осврт на состојбата на подрачјето на Општината Битола ........ 523

О Д Л У К А за пристапување на Општина Битола како сосновач на Здружение „Локална Акциона Група Пелагонија” ........ 524

О Д Л У К А за прифаќање во сопственост на недвижни ствари на Општината Битола без надоместок ........ 524

ОДЛУКА за измена и дополнување на Одлуката за определување на имиња на улици во Општината Битола ........ 525

П Р О Г Р А М А за изработка на урбанистички планови во Општината Битола во 2014 ........ 526

П Р О Г Р А М А за управување со отпад на подрачјето на Општината Битола за 2014 година ........ 530

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Долно Оризари во идна урбанистичко планска документација ........ 537

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Нижеполе во идна урбанистичко планска документација ........ 538

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Маловиште во идна урбанистичко планска документација ........ 538

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување

на бесправните објекти изградени во КО Дихово во идна урбанистичко планска документација..... 539

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Буково во идна урбанистичко планска документација ..... 540

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Бистрица во идна урбанистичко планска документација ..... 541

О Д Л У К А За утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Битола 5 во идна урбанистичко планска документација ..... 541

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши усогласување на намената и вклопување на бесправниот објект во идна урбанистичко планска документација ..... 542

О Д Л У К А за прифаќање на иницијатива за изработка на УП за с. Долно Оризари КО Долно Оризари - Општина Битола ..... 543

О Д Л У К А за прифаќање на иницијатива за изработка на ДУП за СЗ Девеани „Блок 3„ - Општина Битола ..... 543

О Д Л У К А за прифаќање на иницијатива за изработка на ЛУПД за изградба на објекти со намена Б3 големи угостителски единици на КП бр. 570/1 и КП бр.570/2 м.в. „Чакал“ КО Нижеполе - Општина Битола ..... 544

О Д Л У К А за отпочнување постапка за пристапување кон изработка и донесување на ДУП за Работна зона м.в. “ХЕРАКЛЕА“ - Општина Битола ..... 545

О Д Л У К А за утврдување Нацрт ДУП за ЦЕНТРАЛНО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ 4 дел БЛОК 4 - Општина Битола ..... 545

О Д Л У К А за утврдување Нацрт ДУП за „Комплекс на сервиси и мало стопанство ЗАПАД 1 дел БЛОК 1“ - Општина Битола....... 546

О Д Л У К А за давање на користење недвижен имот во сопственост на Општината Битола без надоместок ..... 547

О Д Л У К А за давање на користење недвижен имот во сопственост на Општината Битола без надоместок ..... 547

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување и именување три претставници од Општината Битола во Управниот одбор и разрешување и именување член во Советот на родители на Јавната Општинска Установа Детска Градинка „Естреја Овадија-Мара“ Битола ..... 548

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на СОТУ „Ѓорги Наумов“ Битола ..... 549

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на СОУ „Таки Даскало“ Битола ..... 549

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на СОЗУ „Кузман Шапкарев“ Битола ..... 550

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на ОУ „Даме Груев“ Битола ..... 550

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување членови во Училишниот одбор на СОУГ „Јосип Броз Тито“ Битола ..... 551

П Р А В И Л Н И К за изменување и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Оштината Битола ..... 552

П Р А В И Л Н И К за изменување и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Општинската администрација на Оштината Битола ..... 556

П Р А В И Л Н И К за начинот на водењето на дисциплинската постапка за вработените во Општинската администрација кои не се со статус на државни службеници ..... 558

И С П Р А В К А ..... 565

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**
Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211